**ПРАВИЛНИК И ПРОЦЕДУРИ ЗА**

# НАБЉУДУВАЊЕ (МОНИТОРИНГ) И ОЦЕНКА (ЕВАЛУАЦИЈА) НА РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

## Цел на правилникот

Целта на овој правилник е да даде насоки и правила за мониторинг и евалуација на реализирани проекти, проектни активности и програми/програмски активности во работењето на здружението. Редовното набљудување и евалуација на реализирани проекти и програми овозможува да се олесни процесот на планирање на идни активности о ги прави видливи резултатите од активностите по проекти и програми.

## НАБЉУДУВАЊЕ (МОНИТОРИНГ)

Набљудувањето, односно мониторингот е една од клучните фази во раководењето со проектните и програмските активности. Тоа овозможува да се разрешат дел од проблемите кои би се појавиле при евентуалното реазлизирање на активностите и едно од клучните фази во раководењето со проектниот циклус и програмските активности.

Мониторингот ќе се врши на проектна и програмска основа, односно ќе се мониторираа реализирањето на проектните активности и активностите по одделни програми.

Мониторингот ќе се одвива преку документација на процесот на имплементација на проектите активности, преку одржување на редовни средби од страна на вклучените лица во проектот и раководството и информирање за навремено и редовно реализирање на активностите согласно предвидениот временски работен план. Исто така ќе се базира на показатели за набљудување, потреба од навремени информации и проток на информации.

Со  цел поефикасен мониторинг на спроведени проектни и програмски активности организацијата ќе одржува редовни состаноци на месечно ниво, во исто време информациите за активностите од проектите и програмите ќе циркулираат преку е-маил кореспонденција меѓу членовите како и преку воспоставената интерна алатка за електронска комуникација. На крајот на секој

месец ќе се поднесува краток преглед и известување за спроведените активности на месечно ниво како и преглед на планирани активности (месечен календар) за наредниот месец. Истото ќе се прави и преку месечните информатори кои ќе бидат достапни електронски до сите членови со цел подобра информираност.

## ЕВАЛУАЦИЈА (ОЦЕНУВАЊЕ)

Евалуацијата може да се дефинира како објективна проценка на тековен или завршен проект или програма во смисла на оценка на резултатите и влијанието од резултатите врз целните групи и генерално врз областа која што проектите или програмите ги покриваат.

Евалуацијата ќе се применува по проекти и програми. На ниво на проект евалуацијата ќе вклучи разгледување на постигнатите резултати, идентификување и анализирање на информации и докази; анализа на информациите; и дистрибуирање на наодите за да го опише или разбере проектот како и можности за изработка на одржлив план за проектот, односно негово продолжување во иднина.

Евалуацијата е важна за да се проценат резултатите, да се даде крајна оценка и идентификуваат областите за подобрување во рамки на проектите и програмите.

Евалуацијата ќе се прави од страна на самите лица кои работат на проектите и програмите како и основачите на организацијата. Исто така во евалуацијата на проектните активности може да се вклучат и самите засегнати страни вклучени во спроведување на активностите.

Целта на евалуацијата е да се идентификуваат покрај постигнатите резултати и слабите точки на проектот, односно програмата кое понатаму ќе претставува база за идното работење односно идното донесување одлуки во однос на проектните и програмските активности.

Правилникот стапува на сила од денот на негово потпишување.